**ОПШТИНА ДОЈРАН**
***Градоначалник***
**Кеј 5-ти Ноември б.б., Стар Дојран , 1487**
**tel/fax: +389 34 225 278**
**e-mail: dojran@t.mk**
**Стар Дојран**

**Бр.04- 1139/1** **31.12.2020 година**

Врз основа на член 48 став 4 од Законот административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16,35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и 14/20) и Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Дојран, бр. 09-521/1 од 26.06.2020 година и Правилникот за измена на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Дојран, бр. 09-1072/1 од 15.12.2020 година, Општина Дојран, објавува,

# ИНТЕРЕН ОГЛАС бр.03/2020
## за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Општина Дојран

Општина Дојран објавува интерен оглас за унапредување на 1 **(еден) административен службеник** за следното работно место:

**1.**УПР 01 01 Г01 000, Самостоен референт за оперативна подршка на активностите од областа на јавните набавки во Одделението за јавни набавки,

Општи услови
-да е државјанин на Република Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

Посебни услови:
-ниво на квалификации Вишо или Средно стручно образование(електротехничка струка) ;
-потврда за положен испит за лица за јавни набавки;
-најмалку три години работно искуство во струката;
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

Распоред на работното време:
-работни часови во неделата: 40,
-работно време: од 7:30 до 15:30,
-работни денови-понеделник-петок
-паричен износ на основна нето плата: 16.475 денари.

На интерниот оглас може да се јават административни службеници вработени во Општина Дојран, кој ги исполнуваат општите и посебните услови за пополнување на наведеното работно место, пропишани за соодветното ниво со законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Дојран и Правилникот за измена на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Дојран, при ова административниот службеник треба да ги исполнува и следните услови:

-да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување,

-да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамките на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;

-да поминал најмалку две години на тековното работни место;

-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Заинтересираниот административен службеник, поднесува пополнета пријава со назнака за работното место за кое се пријавува и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Општина Дојран, освен во хартиена форма, може да биде испратена и електронски на следната адреса: dojran@t.mk.

Кандидатите кон пријавата можат да ги приложат следниве докази:

-потврди за успешно реализирани обуки и/или

-потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 дена сметано од денот на објавувањето на огласот.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата за унапредување се дисквалификува од понатамошна постапка.

Изготвил,Дарко Качаков, Раководител на оддел.
За правни и општи работи
Јавни дејн. И управ. Со човечки ресурси,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ДОЈРАН
ОПШТИНА ДОЈРАН

**Градоначалник**
**на Општина Дојран**
**Анго Ангов**